# ВЕСТ Живот

## Дени рипа во тавче



"Во шема", "Антена 5", водителката Дени Станоевска за некој месец ќе рипне во тавче. 11 јануари, Дени полни 25 години, надвор врне снег... Идеален миг за да се случи главното. Александар Цидров, дечкото со кого е во врска 6 години, ја бара за жена. "Јасно е дека веднаш прифатив. Тоа беше најромантичниот миг што ми се случил досега", вели Дени.

Зборот е даден, веридба нема да има, а големиот ден ќе биде закажан за некој септември...

***(М.Ц.)***

## Јован Јованов се враќа на естрадата

Некогашниот фронтмен на тинејџерската атракција, групата "Магија", Јован Јованов, по неколкумесечната пауза и полнење на батериите, на голема врата најавува враќање на естрадната сцена. "Да те имам само тебе" е првиот негов сингл, со кој повторно ќе се обиде да ги освои симпатиите на публиката. Комплетен автор на песната е Јован, со мала асистенција на брат му Иван. Јован коментира кусо: "Интересна тема, спот, и уште неколку песни по неа. Крајно време е да ѝ се посветам и на мојата музика".

***(М.Ц.)***



*Крајно време е да ѝ се посветам и на мојата музика*

## "Ареа" уште пет години со "Авалон"



Пред извесно време најпопуларниот рок бенд "Ареа" објави дека следниов период се повлекува од јавни настапи и ќе паузира сѐ до излегување на нивниот нов албум, а веќе деновиве од нивната продукциска куќа "Авалон" пристигнуваат информации за нов договор за соработка. Овој пат договорот е продолжен на уште пет години, што значи дека популарниот бенд, под капата на "Авалон" ќе ја промовира својата музика до 2008 година. Во следните пет години "Авалон" се обврзува, како и досега, да ги извршува сите извршно-продуцентски и менаџерски работи, а Ивица и Ружица Брчиоски да подготват уште три нови албуми.

***(В.М.)***

## Нова "Златна буба мара" статуета




Додека се финишираат подготовките за шестата по ред "Златна буба мара на популарноста", радио Буба мара тимот може да се пофали со една интересна новина. Од годинава најпопуларните наградени ќе си заминат дома со нова статуета. Новата буба мара е рачна изработка на "Агенс", од месинг, со позлата, и тежи нешто помалку од претходната. Изборот на најпопуларните ќе се случи во Универзалната сала, за нешто повеќе од две недели. Добро е познато дека таму нѐ очекува богато шоу со интересно сценарио и свирка 100% во живо. Журката потоа е неизбежна...

***(М.Ц.)***

## Во "Ла-кафе" на топло чоколадо

"Ла-кафе", скопско кафуле лоцирано на плоштадот Македонија, е уште едно место каде што може да се отепа време со лаф-муабети и пиење кафе. Не станува збор за место каде што се тераат журови, туку баш кафуле за седенка, муабет, пијачка...има понекогаш и сладолед. Како специјалитет што може да се проба во ова кафуле е топлото чоколадо со многу шлаг и чоколаден прелив, послужено во стаклена висока чаша.

***(А.Г.)***